Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 109, 15 септември 2013 година

септември 2013 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област епидемиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во во сите звања за наставно-научната област аналитика на лекови на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област механика на флуиди и стручно технички системи на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 32

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област автоматика на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 40

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-стручно звање лектор за научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 42

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област трудово право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 45

**РЕЦЕНЗИЈА** на рракописот „Менаџмент на комунален отпад“ од авторите професор д-р Благој Голомеов и асистент д-р Трајче Митев, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 56

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Казнено право посебен дел - со практични примери“ - авторизирани предавања од авторот проф. д-р Тодор Витларов, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 58

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 60

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТРУДОВО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип на својата 85. редовна седница, одржана на 2.4.2013 година, донесе Одлука (бр. 1602-62/2) за распишување Конкурс за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област трудово право на Правниот факултет. На 89. седница на Наставно-научниот совет на 1.7.2013 година, донесена е Одлука бр. 1602-108/2, за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област трудово право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип во состав:

- проф. д-р Осман Кадриу, редовен професор на Факултет за правни науки при ФОН Универзитет – Скопје, претседател;
- проф. д-р Љупчо Блажевски, член, вонреден професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- проф. д-р Благоја Брајановски, член, редовен професор во пензија.

Конкурсот беше објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм на 27.5.2013 година.
На Конкурсот се пријави **доцент д-р Војо Беловски,** вработен на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
Врз основот на пријавата и доставената документација и по нивното разгледување, Рецензентската комисија го достави следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Д-р Војо Беловски, доцент** на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, е роден на 4 април 1955 г. во с. Владимирово, Беровско, Р. Македонија.

Општата гимназија завршува во Гимназија „Ацо Русковски” - Берово и се стекнува со диплома - општо гимназиско образование. Завршува високо образование на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Правен факултет, Скопје, Р. Македонија, и се стекнува со диплома дипломиран правник.

Завршува магистерски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Институт за социолошки и правно-политички истражувања, Скопје, Р. Македонија, на тема „Менаџментот во акционерските друштва“ и во 1996 година се стекнува со диплома магистер по кадровски менаџмент. Завршува осми научен степен на образование на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Институт за социолошки и правно-политички истражувања - Скопје, Македонија, каде што во 2000 година се стекнува со диплома доктор на правни науки - докторска дисертација на тема „Менаџментот во трговските друштва на капиталот“.

Во 2007 година положува стручен испит за застапници при Државниот завод за индустриска сопственост на РМ и се стекнува со право на застапник на странски компании за заштита на правата од индустриска сопственост.

***Работно искуство***

1981-1988 Стручен соработник за кадрови, органи на управување и нормативна дејност во ЗОИЛ - Македонија, Скопје (сегашно QBE – Македонија).

***Главни одговорности***

Персонална евиденција, работни односи, дисциплинска постапка, изготвување на материјали и одлуки од седници на органи на управување, нормативна дејност - изготвување на статут и други акти.

1988 - 1992 Раководител на Служба за нормативни кадри и општи работи во ЗОИЛ - Македонија, Скопје (сегашно QBE – Македонија).

***Главни одговорности***

Давање стручни мислења за органите на управување, изготвување на статут и други акти, толкување на законски прописи, подготвување на седници на органи на управување и стручен колегиум и давање стручни мислења по прашањата од дневниот ред.

1992 - 2001 Стручен соработник за ликвидација на штети од моторни возила во QBE – Македонија.

***Главни одговорности***

Утврдување правна основа за надомест на штети во случај на сообраќајни незгоди од моторни возила.

2001 - 2002 Раководител на Служба за кадрови и општи работи во QBE – Македонија.

***Главни одговорности***

Активности од областа на персоналниот менаџмент (нормативна дејност, обука на кадри и менаџмент тренинг програми, дисциплински постапки, спроведување на постапка за вработување, распоредување на работници на работни места. Изготвување стручни мислења за потребите на врвниот и средниот менаџмент).

2002 Раководител на Служба за транспорт и кредити и служба за надомест на штети од незгода.

***Главни одговорности***

Контрола на ликвидација на штети и одобрување исплата на штетите по основа на транспортно осигурување, кредитно осигурување и осигурување од незгода. Координација и мотивација на подредените во службите.

2002 - 2007 Управител - главен менаџер на Компанија „Д-р Беловски“ - Скопје - Друштво за интелектуални услуги и менаџмент консалтинг.

***Главни дејности и одговорности***

Нудење правни услуги од областа на трговското право, работни односи, граѓанското и облигационото право. Посредување и застапување помеѓу домашни и странски правни и физички лица во нудење на интелектуални услуги, застапување во остварување на надомест на штети пред осигурителните компании во Република Македонија и странство и пред надлежните судови. Заштита на акционерски права, менаџмент консалтинг услуги, изготвување на статути и други акти и нивно усогласување со законските прописи.

Во 2008 година е избран за наставник - доцент на првиот приватен универзитет Европскиот универзитет – Скопје и ги предава следните предмети: Стварно право, Административно право; Административни процедури, Меѓународно договорно право, Трговско право на Правниот факултет и на Економскиот факултет. Бил ментор и на Деловно право на постдипломските студии на предметот Меѓународни трговски договори и раководител на вториот циклус.

Во 2008 година е избран за насловен доцент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип по предметот Трудово право.

Од 1 јули 2009 година е во редовен работен однос при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на Правниот факултет.

Во 2010 година е избран за продекан за настава на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Активно се служи со германскиот јазик. Има познавања и од компјутерското работење (MsOffice Word, Excel, Power Point, Internet).

*Наставно-образовна дејност*

Доц. д-р Вojo Беловски од изборот во звање доцент до денес од наставно-образовната дејност реализира наставна активност на додипломски и постдипломски студии на истиот факултет и во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип и успешно ги извршува своите наставни работни обврски пет години, како наставник по група предмети од областа на правните науки.

Во изминатиот период од 2008 до 2013 година тој ја изведува наставата по предметите:

**На прв циклус на сите насоки – модули на Правниот факултет:**

– Административно право;
– Трговско право;
– Стварно право;
– Трудово право;
– Семејно право;
– Наследно право;
– Граѓанско право – општ дел;
– Граѓанско процесно право.

Предметот Трговско право го предавал и на Факултетот за туризам и бизнис логистика, во Скопје и во Гевгелија и на ФПТН во Штип и во Кавадарци.

**На втор циклус:**

– Запишување на права на недвижност;
– Локална самоуправа;
– Административно право - применета програма;
– Управно процесно право;
– Граѓанско право - применета програма;
– Даночно и царинско право;
– Право на осигурување.

Од неговата наставно-образовна дејност, врз основа на горенаведениот преглед, можеме да констатираме дека кандидатот доц. д-р Вojo Беловски реализира предавања на наставни предмети и на прв и на втор циклус кои се од доменот на правните науки, поконкретно од Деловното право (Трудово право и Трговско право), како и од граѓанско-правната област и јавната администрација.

Во изминатиот период д-р Вojo Беловски учествува како член на Комисија за одбрана на десет магистерски трудови, ментор на одбрана на еден магистерси труд и член на Рецензентска комисија за избор на еден соработник во звањето асистент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. Покрај тоа учествува како ментор на 22 одбранети дипломски работи и како член во комисија за одбрана на 35 дипломски работи.

*Научноистражувачка дејност (по изборот за доцент)*

Од научноистражувачката дејност (по неговиот избор за доцент) во периодот од 2008 до 2013 година, објавува значаен број трудови (монографии), авторизирани предавања (скрипти), практикуми и стручни трудови.

Од поголемиот број научни и стручни трудови би ги издвоиле и елаборирале следниве:

*1. **Коментар на Законот за работните односи***

Коментарот на Законот за работните односи од доцент д-р Вojo Беловски, во коавторство со проф. Д-р Осман Кадриу, претставува значајно дело од областа на трудово-правните односи, односно претставува дело од аспект на практичната примена на законските решенија. Овој Коментар, во овој обем, и со ова содржина што е објавен, сметаме дека е мошне успешен, така што читателите можат на едноставен и на најсоодветен начин да ги разберат одредбите и сите законски решенија со кои се уредуваат работо-правните односи.

Станува збор за објаснувања и интерпретација, а поточно толкување на конкретните норми содржани во Законот за работните односи и посебен критички осврт за недореченоста на некои одредби, со конкретни предлози за подобрување на текстот.

Коментарот на Законот за работните односи има за цел практична примена на истиот и на неговите решенија за клучните институции кои претставуваат *sedes materiae* на овој закон. Станува збор за договорот за вработување, правата и обврските на договорните страни (на работодавачот и работникот), откажување на договорот, плаќање на работа, работното време, паузите и одморите, надомест на штета, правна заштита на одделни категории на работници во работниот однос (лицата кои сè уште не наполниле 18 години, жените, повозрасните работници и други). Во истиот контекст заслужува да биде подвлечена и улогата на синдикатите и здруженијата на работодавачите; прашањата поврзани со колективните договори кои претставуваат посебен извор во уредувањето на работо-правните односи; правото на штрајк и инспекцискиот надзор.

Во Коментарот на Законот за работните односи се дава соодветно објаснување и интерпретација, речиси, на секоја одредба.

За една поцелосна претстава на Коментарот и објаснувањата на конкретните законски решенија, во истиот се подвлекуваат и најзначајните правни извори, како што се прописите од трудово-правната област, колективните договори и поважните меѓународни акти и документи усвоени на ниво на Европа и пошироко. Од меѓународните акти се подвлекуваат конкретните решенија содржани во актите на МОТ (посебно конвенциите и препораките) како значаен меѓународен извор на трудово-правните односи. Коментарот е наменет за сите физички и правни лица.

Посебно сакаме да потенцираме дека во овој труд е вложен голем интелектуалниот напор.

***Работни односи (Прирачник - Практична примена на прописите за работа на кадровските служби)***

Со овој труд авторот (кој располага со долгогодишно теоретско и практично искуство од областа на работните односи) дава свој огромен придонес за поквалитетна и поуспешна практична примена на дел од прописите – законските решенија од областа на работните односи. Смислата и целта на овој Практикум е да се објаснат за полесна практична употреба конкретните одредби од Законот за работните односи, за да можат корисниците на едноставен и најсоодветен начин ги толкуваат и применат дел од законските решенија што ја тангираат оваа област. Во овој труд се обработени повеќе содржини од кои само да наведеме: начинот на обезбедување на потребата од работници; договорите за вработување (видовите работен однос); конкурентска клаузула: сите видови на престанок на работниот однос и многу други содржини. Во трудот, авторот изработува голем број обрасци и модели на акти за потребите на работодавачите (кадровските служби) и упатства за практична примена.

**3.** ***Стварно право (Авторизирани предавања)***

Ова учебно помагало авторот го има подготвено согласно со наставната програма од прв циклус студии за да ги задоволи потребите на студентите поуспешно да ја совладаат материјата од областа на стварното право. Во него се разработени, покрај другото, следните најважни тематски единици: значењето на изразот стварно право - како **објективно право**, стварно право, како **субјективно право** и стварно право како **наука** (научна дисциплина). Посебно е посветено внимание на позитивно стварно право (извори на стварното право во Република Македонија. Авторот ги разработува карактеристиките на субјективните стварни права *(стварноправност; непосредност) на стварните права,* апсолутност на стварните права и законската определеност на стварните права и нивната содржина), како и класификациите на стварните права низ историјата.

Во трудот детално се разработени, покрај правото на сопственост (како главно - матично право и неговите подоблици) и другите стварни права - ограничени стварни права, како што се: правото на службеност, правото на залог, правото на реален товар и правото на долготраен закуп на градежно земјиште, како и институтот владение.

Посебна вредност на овој труд се огледа во тоа што авторот го разработува: стекнувањето, заштитата и престанокот на правото на сопственост, со конкретни примери и со примери на тужби од судската пракса, на кој начин студентите многу полесно ја совладуваат материјата.

***Трудово право - скрипта (рецензирана)***

Ова скрипта доцент д-р Војо Беловски ја има подготвено во коавторство со доцент д-р Андон Мајхошев, за потребите на студентите од прв циклус студии. Во трудот се наведува дека трудовото право како гранка на правото е една од фундаменталните правни дисциплини и некои автори оваа правна дисциплина уште ја нарекуваат наука за работните односи, бидејќи во најголема мера таа ги проучува правните норми, начела, принципи и институти кои се однесуваат на трудот и работниот однос.

Овој труд е така конципиран што студентите се стекнуваат со солидно теоретско и практично сознание од областа на работните односи, но и другите права кои произлегуваат од работниот однос, односно правата на социјалното осигурување (пензиско-инвалидско, здравствено, осигурување во случај на невработеност и сл.).

Целта и смислата на овој труд е на студентите да им се приближи и да се појаснат најважните правни институти и институции на трудовото право, сфатено во поширока смисла на зборот. Во тој контекст, трудот е конципиран така што на едноставен начин на студентите им се појаснат интегрално сите конкретните одредби од Законот за работните односи и другите прописи од ова област кои се однесуваат на правата, обврските и одговорностите на работникот и работодавачот кои се уредени со повеќе закони, подзаконски акти и колективни договори.

Трудот содржи повеќе поглавја кои систематски се разработени и поврзани по логичен редослед. Најпрво се опфатени предметот, содржината, дефиницијата, субјектите, карактеристиките на трудовото право, значењето, називите, односот на трудовото право со другите правни дисциплини, развојот, изворите на трудовото право (меѓународни, регионални, националнии, хетерономни, автономни) и др.

Во трудот респектабилно место зазема и развојот, улогата, значењето на Меѓународната организација на трудот (МОТ), која е креатор и релевантен контролор во имплементацијата на меѓународните стандарди на трудот. Во таа насока се дадени и најважните меѓународни конвенции и препораки на МОТ, како извори на трудовото право, како и препознавање на разликата на правната природа помеѓу конвенциите и препораките, а исто така должно внимание е посветено и на организационата структура на МОТ.

Исто така, во трудот посебно внимание е посветено на работните односи. Ова поглавје започнува со определување на поимот работен однос, елементите на работниот однос, начелата на работниот однос, субјектите и др. Во тие рамки, посебен акцент е ставен на дискриминацијата во сферата на работните односи и вознемирувањето на работното место (мобинг).

Нераскинлив дел на работниот однос е и договорот за вработување, кој му дава правна димензија на истиот. Во ова поглавје се посветува значајно внимание на поимот, содржината и видовите на договорот за вработување. Во тие рамки, се разгледуваат начините на престанок на важноста на договорот за вработување.

Следуваат поглавјата кои се посветени на платите и надоместоците од плата, работното време, паузите, отсуствата и одморите, безбедноста и здравјето при работа, посебната заштита на посебни категории на вработени (жената, работниците под 18-годишна возраст, инвалидите, повозрасните работници), како и остварувањето на правата, обврските и одговорностите од работен однос.

Колективното преговарање, односно колективните договори, како автономен извор на трудовото право, исто така, се предмет на разгледување во трудот. Ова поглавје започнува со поимното определување на колективниот договор, дефиницијата, теориите за правната природа, предметот, содржината на колективните договори, субјектите, правната рамка (меѓународна, регионална и национална), институционалната рамка, моделите на претставување, репрезентативноста и постапката за стекнување на репрезентативен статус на синдикатите и здруженијата на работодавачите и др.

Економско социјалниот совет, како трипартитно тело, кое има исклучиво советодавно-консултативна функција, исто така, има свое значајно место во поновата историја на трудовото право, па затоа му посветивме доволен простор студентите да се запознаат и со надлежностите и значењето на ова тело.

Познато е дека работните односи по својата природа се конфликтни, кои предизвикуваат колективни и индивидуални спорови: штрајкови и разни други видови на работнички незадоволства. Едно поглавје е посветено и на штрајкот, правото на штрајк и начинот на негово организирање.

Природно продолжение на претходното поглавје, секако е проблематиката која е поврзана со мирното решавање на индивидуалните и колективните работни спорови.

Потоа следува поглавјето кое се однесува на инспекцискиот надзор во областа на трудот како нераскинлив дел на предметот трудово право.

Сосема за крај, поместени се прашањата кои се однесуваат на правата од пензиско-инвалидското, здравственото, осигурувањето во случај на невработеност, како и други правни институти поврзани со оваа проблематика.

***Практикум со коментар на Законот за работните односи и модели на акти и образци за практична примена***

Со овој Практикум авторот дава придонес за поквалитетна и поуспешна практична примена на дел од прописите – законските решенија од областа на работните односи. Смислата и целта на овој Практикум е да се објаснат за полесна практична употреба конкретните одредби од Законот за работните односи, за да можат студентите и другите корисници на едноставен и најсоодветен начин ги толкуваат и применат дел од законските решенија што ја тангираат оваа област.

Предмет на обработка и анализа во овој труд се следните поважни теми: засновањето на работен однос - договор за вработување - правна основа за засновање на работен однос, страните на договорот за вработување, условите за склучување на договорот за вработување; правата и обврските на страните при склучувањето на договорот за вработување; видовите работен однос – скоро сите видови договори за вработување; директорот и работниот однос; начините на престанување на важноста на договорот за вработување; отстранувањето од работа – суспензија; измени на договорот и понуда на нов договор за вработување пред отказ; забраната на конкуренција и друго.

Бидејќи се работи за Практикум, во него авторот изработува модели на општи акти – правилници и модели на обрасци за практична примена на прописите од областа на работните односи, како би можеле студентите (на вежби) практично се запознаат со ова важна проблематика.

***Административно право (авторизирани предавања)***

Заради задоволување на потребите на студентите од прв и втор циклус на Правниот факултет, авторот, кој го предавал овој предмет, има подготвено авторизирани предавања за поголем дел од материјалот (со оглед на неговата обемност) што го има приспособено на наставната програма. Во трудот се опфатени и разработени следните поважни поглавја: поим на администрација, медот и извори на административното право; основните принципи на управување – централизација и децентрализација; локалната самоуправа (поим, значење и основни карактеристики, со компаративи искуства); положбата и организацијата на државната управа и други прашања.

***Плаќање на работата***

Во овој труд, авторот елаборира една многу чувствителна тема во врска со работниот однос. Анализирајќи ја дефиницијата за „работниот однос“ и елементите што го сочинуваат работниот однос, авторот заклучува дека како најважен елемент (покрај тоа што работникот договорно и доброволно се вклучува во организираниот процес на работа кај работодавачот) е дека тоа го прави *„за плата и други примања“.*

Авторот потенцира дека основен принцип на МОТ е премисата: *краен и одржлив мир може да се постигне само ако е заснован врз принципите на социјална правда*. Тоа е основа

на активностите на МОТ кои се темелат на принципите на еднаквост, *недискриминација* и намалување на сиромаштијата. Оваа забрана е утврдена и во мноштво меѓународни документи.

Покрај анализата на елементите кои ја сочинуваат платата (*основна плата, дел од плата за работна успешност),* во овој труд се разработени и т.н. надоместоците и додатоците на платата.

***Legal Prohibition of Competitive action and Contractual Prohibition of Competition action***

Во овој труд се работи за „законска забрана на конкурентското дејствување и договорна забрана на конкурентското дејствување", тема која навидум се занемарува во односите помеѓу работодавачот и работникот, а во практиката може да предизвика (и предизвикува) големи последици.

Авторот потенцира дека како субјекти на работниот однос работодавачот и работникот имаат посебни и заеднички интереси. Посебни, затоа што работодавачот се залага за што поголем профит, а работникот за што поголема заработувачка. Заедничкиот интерес и на двата субјекти е тоа што поголем профит обезбедува и поголема заработувачка. Заедничките интереси ги доведуваат работодавачот и работникот во правна и економска заедница.

Помеѓу работодавачот и работникот постои однос на лојалност, посебно на пазарот на трудот и капиталот. Лојалноста треба да е присутна и во текот и по престанокот на работниот однос. Затоа, Законот за работните односи во врска со забраната на конкурентско дејствување ја разликува конкуренцијата за време на работниот однос и по престанување на работниот однос.

Понатаму, авторот посебно ја разработува законска забрана на конкурентското дејствување која се вели дека не е апсолутна. Ако работодавачот се согласи, конкурентската забрана, иако законска, останува без дејство. Во спротивно, ако нема таква согласност, Законот предвидува можност за преземање мерки од страна на работодавачот, т.е. да бара обесштетување на штетата во законски определен рок.

Договорна забрана на конкурентското дејствување се однесува по престанувањето на работниот однос. Работникот и работодавачот можат да се договорат и условат за забраната на конкуренцијата и по престанок на работниот однос, за разумен рок од две години по престанување на договорот за вработување.

Факултативноста на договорната забраната на конкуренцијата се гледа во тоа што таа се договара. Ако е договорена, постои. Ако не биде договорена, не постои. Значи, не е од императивна природа.

Договорната забраната за конкурентско дејствување има своја цена. Тоа е надоместок за почитување на конкурентската клаузула. Со цел работодавачот да обезбеди лојалност од работникот и по престанокот на работниот однос мора да му плати надомест за почитување на конкурентската клаузула.

***Forbidding discrimination***

Идејата на авторот да се зафати во подготвување на ваков труд лежи во фактот дека прашањето за дискриминацијата, поточно забраната на дискриминација, во сите нејзини видови и појавни облици и манифестации се наметнува, во поново време, со сета тежина, сериозност и актуелност, посебно во легислативата, медиумите, невладините организации и во јурисдикцијата. Начелото на еднаквост е основно начело во поглед на човековите права, кое нешто е заложба на Универзалната декларација за правата на човекот дека сите луѓе се еднакви по своите права. Тоа значи дека секое правење разлика помеѓу одредени лични или стекнати својства, врз основа на кои се прави разлика се врши исклучување или ограничување, загрозување или оневозможување на остварување на социјалните права претставува дискриминација при вработување, а во исто време и повреда на човековото достоинство.

Во овој стручен труд авторот се потрудил да даде скромен придонес и да ја анализира позитивната законска регулатива (правна рамка), поточно прашањата за: забрана на дискриминацијата, видовите во кои таа се манифестира, исклучоците од забраната на дискриминација, со посебен акцент на *психичкото вознемирување на работното место (мобинг)*, како и заштитата на правата во случај на дискриминација.

Подетално, авторот ги разработува следните прашања во врска забраната на дискриминацијата: сите основи на дискриминација содржани во дефиницијата во Конвенцијата за укинување на дискриминацијата при вработувањето бр. 111, а тоа се: *расата, бојата на кожата, полот, верата (религијата), политичката определба - убедување, националната основа, социјалното потекло, како и другите основи одредени со законот на државата, како на пример: возраста, здравствената сосотојба, односно инвалидноста, сексуалната определба*, кои се вградени и во нашиот Закон за работните односи. Понатаму: директна и индиректна дискриминација; исклучоци од забрана на дискриминација; вознемирување и полово вознемирување; психичко вознемирување на работното место (мобинг); надомест на штета за дискриминација и товар на докажување во случај на спор.

***10. Видови на работен однос***

Во овој труд авторот ги анализира сите (можни) видови на работен однос што ги предвидува Законот за работните односи, а тоа се всушност сите видови на договори за вработување, бидејќи нема работен однос без писмен договор за вработување кој е единствена законска правна основа за засновање на работен однос. Такви договори за вработување (видови работен однос) кои се детално разработени во трудот се: договор за вработување на неопределено време; договор за вработување на определено време; договор за вработување- (работен однос) со пробна работа; договор за вработување со приправници (приправнички работен однос); волонтерски стаж; договор за вработување со скратено (неполно) работно време; двоен работен однос; дополнително работење; договор за вработување со вршење на работа дома - работен однос надвор од деловните простории на работодавачот - лично или семејно извршување на работите и заштита на животната средина и договор за вработување на куќни помошници.

Во трудот се посочуваат и елементите што мора и треба да ги содржи секој посебен договор за вработување, со оглед на неговите специфики.

***11. Начело на недискриминацијата - забрана на дискриминацијата***

Во овој труд авторот тргнува од фактот дека основните активности на Меѓународната организација на трудот (МОТ) се темелат на принципите на еднаквост, *недискриминација* и намалување на сиромаштијата.

Повеќето конвенции, декларации, резолуции, повелби, директиви и други меѓународни акти, донесени од МОТ, ООН, Европскиот парламент, Советот на Европа и законите на одделни земји на Европската унија одат во прилог на сериозниот пристап кон овој перманентно присутен и акутен проблем.

Во овој стручен труд авторот се потруди да даде скромен придонес и да ја анализира позитивната законска регулатива и забрана на дискриминацијата според меѓународни документи и актите на МОТ, поточно прашањата за: поимот на дискриминација, основите и начелата на недискриминација, забрана на дискриминацијата, видовите во кои таа се манифестира, исклучоците од забраната на дискриминација, со посебен акцент на *психичкото вознемирување на работното место (мобинг)*, како и заштитата на правата во случај на дискриминација.

На крајот, авторот заклучува дека во поглед на дискриминацијата во работните односи врз кандидатот за вработување или работникот во Република Македонија сè уште немаме изградена судска пракса на која би се повикале, иако вознемирувањето, половото вознемирување и психичкото вознемирување на работното место не значи дека не е масовна појава. Поради егзистенционалниот страв од губење на работното место, вработените лица ретко се одлучуваат да поведат постапка за правна заштита.

**12.** ***Забрана на дискриминацијата во областа на работните односи - правна рамка и проблеми при имплементацијата на прописите***

На Конференцијата „Основи за дискриминација – законска рамка, пракса и предизвици: искуства од граѓанскиот сектор“, одржана во Скопје, на 6.6.2013 година, доцент д-р Војо Беловски имал активно учество со своја дискусија, елаборирање на проблемите и го презентирал својот труд - ***Забрана на дискриминацијата во областа на работните односи - правна рамка и проблеми при имплементацијата на прописите.***

Во овој труд авторот го објаснува поимот - што се подразбира под поимот дискриминација, според меѓународните акти (конвенции) и законската рамка во Република Македонија.

Така, на пример, според Законот за спречување и заштита од дискриминација **„Дискриминација е секое неправедно правно или фактичко, непосредно или посредно правење на разлика или нееднакво постапување, односно пропуштање (исклучување, ограничување или давање првенство) во однос на лица или групи кое се заснова на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа.**

Според член 6 од Законот за работните односи: **„Работодавачот не смее барателот на вработување (во натамошен текст: кандидат за вработување) или работникот да го става во нееднаква положба заради расно или етничко потекло, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидност, религиозното, политичко или друго убедување, членување во синдикатите, националното или социјалното потекло, статус на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности“.**

Кога се наведуваат основите за дискриминација, лесно е воочливо дека во Законот за работните односи, покрај другите основи стои и **„половата насоченост“,** а таа основа не фигурира во Законот за спречување и заштита од дискриминација, забележува авторот.

Начелото на еднаквост е основно начело во поглед на човековите права, кое нешто е заложба на Универзалната декларација за правата на човекот дека сите луѓе се еднакви по своите права. Тоа значи дека секое правење разлика помеѓу одредени лични или стекнати својства, врз основа на кои се прави разлика, се врши исклучување или ограничување, загрозување или оневозможување на остварување на социјалните права претставува дискриминација при вработување, а во исто време и повреда на човековото достоинство.

***Д-р Војо Беловски е автор на:***


1. Belovski, Vojo and Kadriu, Osman (2011) *Коментар на Законот за работните односи*. Documentation. Компанија „Д-р Беловски“ - Друштво за интелектуални услуги и менаџмент консалтинг, Скопје (монографија).
2. Belovski, Vojo (2009) *Работни односи (Прирачник - Практична примена на прописите за работа на кадровските служби)*. Documentation. Новинско издавачко претпријатие „Стопански преглед”, Кочани (монографија).
3. **Belovski, Vojo (2010)** ***Стварно право (Авторизирани предавања),*** **Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Правен факултет - Кочани.**
4. Majhosev, Andon and Belovski, Vojo (2012) *Трудово право - скрипта (рецензирана)*. Univerzitet „Goce Delcev“ – Stip (рецензирана скрипта).
5. Belovski, Vojo (2013) *Практикум со коментар на Законот за работните односи и модели на акти и образци за практична примена*. Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, pp. 1-20 (практикум).
6. Majhosev, Andon and Belovski, Vojo (2012)*Трудово право (авторизирани предавања)*. Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, Штип (авторизирани предавања).
7. Belovski, Vojo (2010) *Административно право (авторизирани предавања)*. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Правен факултет – Кочани (автиризирани предавања).

***Објавени научни и стручни трудови од последниот избор до денес:***

8. Belovski, Vojo (2013) Плаќање на работата. Универзитетски зборник 2013 (In Press).
9. Belovski, Vojo (2013) Legal Prohibition of Competitive action and Contractual Prohibition of Competition action. Универзитетски зборник, 2013 (In Press).
10. Belovski, Vojo (2011)Forbidding discrimination. Стручно списание „Правник“ XX (225). pp. 2-5. ISSN 1409-5238.
11. Belovski, Vojo (2011)Forbidding discrimination (second part).Стручно списание „Правник“ (225). 13-16-41. ISSN 1409-5238.
12. Belovski, Vojo (2010)Видови на работен однос. Стручно списание „Правник“ XIX (219/20). 13-22-47-53. ISSN 1409-5238.
13. Belovski, Vojo (2009) Начело на недискриминацијата - забрана на дискриминацијата. Годишен зборник 2009 на Правен факултет, 1. pp. 63-76. ISSN 1857-7229.

***Учество на научни собири (помеѓу двата избора):***

14. Belovski, Vojo (2013)*Забрана на дискриминацијата во областа на работните односи - правна рамка и проблеми при имплементацијата на прописите*. In: Основи за дискриминација – законска рамка, пракса и предизвици: искуства од граѓанскиот сектор, 06 June 2013, Skopje, Macadonia (In Press).

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

1. Член на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, УГД – Штип;
2. Продекан за настава на Правниот факултет од 2010 до 2012 г.;
3. Член на комисијата за наставни прашања од 2010 до 2013 г.

Сите активности кои ги имал д-р Војо Беловски, пред 2008 г., се вреднувани и елаборирани при изборот во звање доцент. Рефератот за избор е објавен во Билтен.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот д-р Војо Беловски во своето научноистражувачко, стручно и работно искуство од областа на трудово право има постигнато забележителни резултати. Согласно со изнесените податоци, како и согласно со Законот за високото образование на Р. Македонија, Правилникот за критериуми и постапка за избор на наставно-научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и распишаниот конкурс, д-р Војо Беловски ги исполнува сите услови да биде избран во звањето **вонреден професор** во наставно-научната област област трудово право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Врз основа на претходно наведеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои нашиот предлог и **кандидатот доцент д-р Војо Беловски да го избере во звањето вонреден професор за наставно-научната област трудово право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Осман Кадриу, редовен професор на Факултет за правни науки при ФОН Универзитет – Скопје, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Љупчо Блажевски, член, вонреден професор на Правен при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член, с.р.**
**Проф. д-р Благоја Брајановски, член, редовен професор во пензија, член, с.р.**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на доцент д-р Војо Беловски во реизборниот период 2008-2013 година, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| | Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | | |
| 3 | Позитивно рецензирана скрипта од предавања, збирка задачи или практикум | 2 | 8 | 16 |
| 4 | Интерна скрипта од предавања | 3 | 4 | 12 |
| 12 | Ментор за одбрана на магистерска работа | 1 | 3 | 3 |
| 14 | Ментор на одбранета дипломска работа | 22 | 1 | 7 |
| 16 | Член на комисија за одбрана на магистерска и специјалистичка работа | 10 | 1 | 10 |
| 17 | Член на комисија за одбрана на дипломска работа | 35 | 0,2 | 7 |
| 25 | Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 40 | | 40 |
| 26 | Вежби (неделен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | | | |
| 27 | Одржани предавања (или консултации) на втор циклус студии по одржан курс | 20 | 1 | 20 |
| 30 | Рецензент на соработници и наставници | 1 | 1 | 1 |
| | **Вкупно** | | **116** | |
| **Научноистражувачка дејност (НИ)** | | | | |
| 1 | Монографија или научна книга (1,2) | 2 | 10 | 20 |
| 4 | Труд во стручно (научно-популарно) списание (11,12) | 2 | 2x2 | 4 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) (8,9,13) | 3 | 3x3 | 9 |
| | **Вкупно** | | **33** | |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност (СА+ОР)** | | | | |
| 24 | Продекан | | 8 | 8 |
| 13 | Учесник во научен проект | | 5 | 5 |
| 28 | Член на факултетски орган, комисија | | 2 | 2 |
| | **Вкупно** | | 15 | |
| | | | **ВКУПНО (НО + НИ + САОР):** | |
| | | | **Наставно-образовна дејност** | **116** |
| | | | **Научноистражувачка дејност** | **33** |
| | | | **Стручно-апликативна дејност** | **15** |
| | | | **Вкупно** | **164** |